ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА СОЈУЗ НА ИЗВИДНИЦИ НА МАКЕДОНИЈА ВО 2021



SCOUTS®
Создаваме подобар свет

СОДРЖИНА:

1. Националнi активности
2. Раст
3. SDGs
4. Школа за водачи
5. Инструкторска школа
6. Младински Центар Матично
7. Онлајн програма
8. Публикации
9. Соработки
10. Диверзитет и инклузија
11. Интернационални активности
12. Активности од одредите
13. Активности на работни тела

1. НАЦИОНАЛНИ АКТИВНОСТИ

Вондредно собрание

На 31.01.2021, на вонредно собрание, извидничките одреди и телата на Сојузот го избраа Бобан Москов за претседател/старешина на Сојузот на извидници на Македонија.
Собранието бидејќи беше изборно се одржа со физичко присуство и на него беа присутни делегати од сите локални одреди-членки на Сојуз на Извидници на Македонија.

Бобан со своето долгогодишно извидничко искуство, се приклучува во работата на старешинството и водење на организацијата во престојниот мандат.



Ден на извидниците

Во 2021 година по повод Денот на извидниците беше организирана, поради актуелните протоколи, редуцирана низа активности со цел одбележување на роденденот на создавачот на извидништвото, Лорд Роберт баден Пауел. Спроведените активности се состоеја од: традиционалната кампања „Направи добро дело" со времетраење од еден месец, Крводарителска акција во кооперација со Црвен Крст- Македонија за роверите од Сојузот на ден 22.02.2021 и Патека „Баден - Пауел" за најмладите извидници, имплементирана на 21.02.2021.

Патеката баден Пауел претставува модел на извидничка стаза кој овозможува тимски активности и натпреварување во природа, со физичко присуство, а сепак со почитување на мерките за заштита од Covid-19.

Програмскиот тим на Бирото на Сојузот на извидници на Македонија со користење на online алатки и платформи осмисли стаза- патека со активности за најмладите извидници од Скопје, Прилеп, Кичево, Охрид, Кавадарци, Штип и Куманово. Патеката беше составена од 5 контролни точки на кои имаше активности, дигитални предизвици и пред се- безбедна забава. Истите активности беа спроведени на 9 различни стази во горенаведените градови со редуцирани тимови на учесници, се со цел остварување безбедна дистанца меѓу нив и почитување на предложените протоколи. Задачите на контролните точки опфатија традиционални извиднички предизвици, рециклирање на пластичен отпад најден на зелените површини во градовите, активности за поттик на креативноста, хранење на улични животни и многу друго.
500 извидници од овие градови, од кои 450 учесници на возраст до 13 години и 50 волонтери вклучени во организација и логистика го дадоа својот придонес и успешно ги спроведоа дадените предизвици.

Медиа тимот се погрижи за промоција на серијата активности деновите претходно и успешно оствари покриеност на настанот на истиот ден. Истовремено под раководство на Комесарот за односи со јавност беше спроведена емисија со јавувања во живо, организирана од извидниците, под име ИзВиди ТВ, на која учесниците од другите градови се вклучуваа и даваа интервјуа за нивните искуства и активности на стазата, додека траеше самата стаза. Водителите на истата емисија со физичко присуство ги посетија и медиумски покрија активностите од трите стази во Скопје.





Earth hour 2021

Заедно со милионите луѓе низ светот, извидниците и во 2021 година испратија порака за спас на планетата Земја: "Заедно можеме да изградиме почиста, посигурна и позелена иднина! ". Дино Релушкоски, активен водач и волонтер во СИМ зема учество на одржаната онлајн конференција организирана од Earth hour MK, и зборуваше за придонесот кој го имаат извидниците за планетата Земја, преку организираните и имплементирани активности акции низ годините. Како клучна активност на настанот, извидниците дополнително ги исклучија светилките на 27 март во 20:30 часот!



Дефиле по повод 30 години независност

Сојузот на извидници на Македонија гордо чекореше на дефилето по повод 30 години независност заедно со медицинските работници, црвениот крст, спортистите, армијата, полицијата, пожарникарите и останатите чинители кои активно придонесуваат во зачувување, промоција и афирмација на нашата држава.
СИМ беше препознаен од Владата на РСМ како чинители кои помагаат во развојот на генерации на млади кои негуваат вистински вредности.



Летен камп 2021

Летниот камп на Сојуз на извидници на Македонија беше настан кој обедини повеќе од 200 извидници од 10 градови од државата и несомнено ќе остане врежан во сеќавањата на сите кои имаа можност да учествуваат на истиот. Кампот броеше 207 деца, 36 водачи и 29 неуморни волонтери, кои работеа на спроведување на програмата, логистичка поддршка на кампот и покриеност на социјални медиуми. Дури десет од волонтерите всушност беа учесници на Школата за водачи која беше одржана во периодот од 8 до 15 јули 2021 година во ИЦО. Истите кои ја спроведуваа програмата, овој камп им беше можност да го применат стекнатото знаење на школата и да се здобијат со едно огромно искуство кое ќе им помогне да бидат уште поуспеши водачи.

На кампот присуствуваа извидници од ИО Методи Митевски - Брицо, ИО Еквинокс Скаут, ИО Гоце Делчев, ИПО Галеб, ИПО Сидро, ИО Феникс, ИО Авантуристи, ИПО Јадран, ИО Молика, ИО Мирко Милевски, ИЕО Пионер и ИО Ластовица. Агендата на кампот беше навистина обемна! Секојдневно имавме дванаесетчасовна агенда со најразлични активности почнувајќи со официјалните традиционални извиднички церемонии, до водени лудории и кајакарење, глума, латино танци и зумба, пионерство, стреличарење, ги посетувавме поважните знаменитости на Охрид, дававме свечен завет во Античкиот театар во Охрид и секако, бевме корисни во моменталната локална заедница во која се наоѓавме, работевме на разубавување на нашиот Извиднички Центар Охрид.



ДИОН - ДРЖАВЕН ИЗВИДНИЧКИ ОРИЕНТАЦИОНЕН НАТПРЕВАР

Во 2021 година, традиционално организираниот Државен Извидnички Ориентационен Натпревар, заради рестрикциите поврзани со Ковид – 19, беше поделен на двца засебни настани: Републичката акција за помали извидници (РАПИ) која се одржа во Скопје на 16.10.2021 и Републичкиот извиднички ориентационен натпревар (РИОН) кој се одржа во Скопје на 17.10.2021. На РАПИ активно учество земаа 17 екипи од Скопје, Штип, Кавадарци, Куманово, Прилеп и Свети Николе. Активностите се одвиваа во околината на Градски парк, тврдината Кале и реката Вардар и вклучуваа семафор, морзе, итенерер, патни знаци, наоѓање контролни точки во природа, решавање задачи на карта, патенти во природа, јазли итн проследени со тимска работа.
Дефинитивно највозбудлив дел за учесниците беше полигонот на спретност оддржан во Авантуристички парк Скопје.
Освоените места се следни:
1. Екипа „Сидро 3“ - ИПО Сидро Скопје
2. Екипа „Сидро 1“ - ИПО Сидро Скопје
3. Екипа „Галеб 4“ - ИПО Галеб Скопје

На РИОН активно учество зедоа 11 екипи од Скопје, Штип, Кавадарци, Куманово, Прилеп и Свети Николе. Активностите се одвиваа во градот Скопје и околината на планината Водно и вклучуваа семафор, морзе, итенерер, патни знаци, наоѓање контролни точки во природа, решавање задачи на карта, патенти во природа, јазли итн проследени со тимска работа.
Освоените места се следни:
1. Екипа „Архитект“ - ИО Скаут Куманово
2. Екипа „Пензионери“ - ИО Браќа Миладиновци Скопје
3. Екипа „Фламингоси“ - ИПО Јадран Скопје



Волонтерска забава

Волонтерите во Сојузот на извидници на Македонија се вистинската вредност и силата во организацијата. Повеќе од 300 волонтери во текот на годината инвестираат во себе и новите генерации на извидници преку имплементирање на иновативни, предизвикувачки и атрактивни програми за повеќе од 2000 деца и млади. Практикуваат лидерство, се надоградуваат како индивидуи и ја прават својата заедница подобро место за живеење.
Токму затоа, Сојузот на извидници на Македонија исказа едно огромно БЛАГОДАРАМ до сите активни волонтери во Сојузот, преку спроведување на настан за вмрежување на волонтерите, преглед на успесите и воочување на работите кои може да се подобрат во иднина.
На волонтерската забава беше прогласен и извидникот на годината, извидник кој се истакнал од толпата преку промоција на извидништвото, активен придонес во одредот и волонтерски придонес во Сојузот. За 2021 година, тој извидник е Маја Јанковска, избрана заради својот ангажман во својот матичен Извиднички Одред Браќа Миладиновци и во активностите на Сојуз на извидници на Македонија.





2. РАСТ

На отварањето на Светската извидничка конференција, одржана онлајн од 25ти до 29ти август, амбасадорот и началникот на Светската Извидничка Организација (World Organization of the Scout Movement – WOSM) - Bear Grylls, го препоена залагањето и континуираниот раст низ текот на годините на кој активно работи Сојузот на извидници на Македонија.
Од почетокот на пандемијата во 2020 година се до почетокот на 2022 членството на Сојуз на Извидници на Македонија порасна за 6%, што е огромен успех за младинска организација која своите активности претежно ги изведува во природа со физичко присуство што во последниот период беше оневозможено.

3. SDGs

Сојуз на извидници на Македонија во текот на месеците ноември и декември ја имплементираше првата досега од овој тип, програма наменета за развигорци, извидници и истражувачи наречена „Scouts for SDGs" чија цел е уште повеќе да ги приближи целите за одржлив развој до младите луѓе!

Во текот на 7 недели, преку групни активности извидниците имаа можност да придонесат во остварување на целите во својата локалната заедница а со тоа да учествуваат и на глобално ниво во создавањето на подобар свет за сите! Во оваа програма активно се вклучија извидниците од одредите ИО Феникс, ИО Браќа Миладиновци, ИО Димитар Влахов, ИПО Сидро и ИО Еквинокс, а како најактивни, со најмногу исполнети цели се истакнаа извидниците од ИО Браќа Миладиновци.

Во склоп со програмата беше сработена и публикација од страна на Сојуз на извидници на Македонија, наменета за развигорци и извидници, под името „Scouts 4 SDGs" која може да се користите како водилка за целите за одржлив развој во периодот кој следи!



4. ШКОЛА ЗА ВОДАЧИ

Традиционално организираната Школа за водачи, оваа година се оддржи од 07.07.2021 до 14.07.2021, а истата претставува седумдневна обука исполнета со различни активности наменети за секој извидник кој сака да ги развие своите извиднички и лидерски вештини кои вклучуваат: работа со деца и млади, извиднички метод, младинска програма, комуникација, креативност, мотивација, духовност, одговорност, ориентација, заштита на деца и сите останати вештини кои еден водач/лидер треба да ги има. Во текот на овие 7 дена, 16 извидници од ИО Еквинокс, ИО Методија Митевски Брицо, ИЕО Пионер, ИО Скаут, ПСИО, ИО Молика, ИПО Сидро, ИО Гоце Делчев и ИО Феникс, учејќи преку работа заслужено ја завршија школата и ја претставуваат новата генерација на водачи за СИМ во 2021.
Активностите беа поддржани од страна на менторите – извидници волонтери: Ана Плетварец, Дино Релушкоски, Срна Мајсторовиќ и Никола Спасовски, а предводени од страна на фасилитаторите: Владимир Костовски, Благојче Секуловски, Јордан бајрактаров, Анастасија Николовска, Јане Плавески, Виктор Гилев и Александра Стојаноска.





5. Инструкторска школа -Woodbadge

Како највисок степен на едукација, согласно програмата на светската извидничка организација и Сојузот на извидници на Македонија е инструкторската Woodbadge школа. 102 години од првата обука во Гилвел, вредностите на извидниците сè уште се негуваат и пренесуваат од генерација на генерација, а истото се докажа и на оваа школа.
Во текот на првиот дел од школата, 11-12.12.2021, 30 извидници од раководни функции во Сојузот и одредите обработуваа теми за сржта на извидништвото, успешно водење и менаџирање на извидничката организација и организирање и имплементирање на програми за деца и млади.
Во вториот дел на школата, 18-19.12.2021, 30 извидници од раководни функции во сојузот и одредите обработуваа теми за планирање и имплементирање извиднички активности, тимска динамика, сржта на извидништвото и неговата историја, успешно водење и менаџирање на извидничката организација, мотивација на волонтери, безбедност во извидништвото, комуникација, стандарди за квалитет на WOSM итн.
Вториот дел со кој целосно се комплетира оваа обука предвидува секој од учесниците во наредниот период да работи на проект кој опфаќа одредена тема од наведените. Проектите се во форма на истражување, реализација на програма и изготвување на правилници/процедури.
Ваквиот формат на инструкторска школа се организираше само сега со цел препознавање, унапредување и доедукација на постоечките кадри и поддршка за новите одреди за исполнување на критериумите за полноправно членство во СИМ согласно член 10 од правилникот за регистрација.



6. МЛАДИНСКИ ЦЕНТАР – МАТИЧНО

На иницијатива на извидниците, на 17.02.2021 се отвори првиот општински младинскиот центар во државата - Матично. Младинскиот центар претставува одржлив модел на партнерство помеѓу Општина Центар, извидниците и младинските организации кои заеднички ќе работат да обезбедат инклузивни програми и можности за младите. Како поддржувачи на оваа иницијатива ги истакнуваме Општина Центар и UNDP МК. Младинскиот центар – Матично е резултат на застапувањето на идејата и потребите на младите од страна на СИМ, на повеќе граѓански општински форуми.







7. ОНЛАЈН ПРОГРАМА

Во текот на месец март, од страна на СИМ беше имплементирана онлајн извидничка академија именувана како University of Scouting, на која беа спроведени серија онлајн тренинзи и тоа:

Тренинг за онлајн алатки – 13.03.2021 и 14.03.2021, на платформата Zoom

Тренингот за онлајн алатки беше првиот во низата на тренинзи со наслов University of Scouting. Тренингот опфати околу 70 деца и млади, на возраст од 12 до 18. Сесиите се одржаа на Zoom. Првиот ден фасилитатор беше комесарот за односи со јавност, Александра Стојаноска каде што учесниците имаа можност да се запознаат со основните поими на брендинг, слика на извидништвото и што треба да содржи една креатива. Учесниците се запознаа со алатките Canva и Piktochart и имаа можност да креираат свој постер користејќи ги истите. На вториот ден од тренингот, фасилитатори беа Александра Стојаноска и членовите од комесаријатот за односи со јавност - Дино Релушкоски и Наташа Шаиновиќ. Најпрво учесниците се запознаа со алатките Slido, Google Drive и Trello, потоа Дино презентираше некои онлајн игри кои може да се употребат за онлајн извидничките состаноци и Наташа ги презентираше можностите на Дискорд и го претстави новиот дискорд сервер на СИМ.



Тренинг за ориентација во природа – 20.03.2021 и 21.03.2021

Тренингот за извиднички материјали се одржуваше во период од 19.03.2021 – 21.03.2021. Вкупно 100 извидници учествуваа во текот на трите дена.
Тренингот за скица на дел од поминатa патека се одржа на 19.03. фасилитиран од генералниот секретар на СИМ, Владимир Костовски. Сесијата траеше повеќе од 3 часа и за тоа време 60 извидници имаа можност да се запознаат со основите, а подоцна и со најкомплицираните делови од овој материјал.
Тренингот за "Извештај на дел од поминатa патека" и "Профил на терен " се одржа следниот ден фасилитиран од управникот на Извиднички Центар Охрид, Ивица Ангеловски. Сесијата траеше 3 часа со кратка пауза, а на истата 50 учесници имаа прилика да научат нешто ново за овие материјали и да постават прашања за она што секогаш им било нејасно.
Тренингот за "Задачи на карта" и "Кроки" се одржа последниот ден и беше фасилитиран од член на Старешинството на СИМ, Анастасија Николовска. Сесијата траеше повеќе од 3 часа и заради природата на материјалите беше снимено видео за теренската работа при цртање на материјалите.
Тренингот за ориентација беше успешно спроведен и имаше повеќе од очекуваниот број на учесници. И покрај предизвиците со начинот на презентирање и цртање на материјалите онлајн, добиен беше впечаток дека на извидниците им е сосем јасно она што се презентира и тоа на 50 присутни во исто време.



Тренинг за пишување проекти – 27.03.2021 и 28.03.2021

Тренингот за проектно пишување и менаџмент е третиот во низата на тренинзи со наслов University of Scouting. Тренингот опфати 25 млади, на возраст од 16+ години. Сесиите се одвиваа на Zoom и беа вкупно две на овој тренинг. На првата сесија со наслов Проектно пишување фасилитатор беше Владимир Костовски, а на истата учесниците имаа можност да се запознаат со основите во пишувањето на проекти, како формирање временска рамка, формирање буџет, цели и подцели, индикатори за успех и сл. На втората сесија од тренингот, фасилитатор беше долгогодишниот волонтер во СИМ Снежана Јанковиќ. Овој пат учесниците научија како да пишуваат периодични и завршни наративни и финансиски извештаи и низ интерактивни примери ги зацврстија научените сознанија.





8. ПУБЛИКАЦИИ

Scouts 4 SDGs

Во склоп со програмата Scouts 4 SDGs беше сработена и публикација од страна на Сојуз на извидници на Македонија, наменета за развигорци и извидници, под името „Scouts 4 SDGs“ која може да се користи како водилка за активности поврзани со целите за одржлив развој во периодот кој следи! Истата се состои од 14 предлог активности кои може да бидат имплементирани на одредски или патролни состаноци.



Прирачник за креирање на нови извиднички одреди

Како приоритетна област на работа во 2021 година, СИМ во ноември издаде и прирачник за креирање на нови извиднички одреди кој има за цел да го помогне и олесни процесот на сите индивидуи желни да отворат сопствен одред. Во истиот може да се сретнат поглавја за работата на одредите и Сојузот, обрски на одредот кон членството и државата, програм



Шаторче

Како иновативен начин за пренесување на месечната програма од страна на СИМ до одредите, комесаријатите за програма и односи со јавност го воведоа Шаторче, месечно извидничко списание кое се состои од 15тина рубрики, а истите опфаќаат: предлог активности за одредите, пријатели на извидниците, месечно освежување, извиднички времеплов и многу други. Во текот на 2021та година беа издадени 6 месечни изданија.



9. СОРАБОТКИ

Сојузот на извидници на Македонија со потпишувањето на меморандумот за соработка, ја препознава Општината Центар како Општина - пријател на извидниците. Со отварањето на Младинскиот центар Матично и со поддршката на програми за деца и млади од територијата на општината, Центар се покажа како вистински пример за институционална соработка помеѓу младинскиот сектор и локалната власти при имплементирање на програми и политики од интерес на младите.

10. ДИВЕРЗИТЕТ И ИНКЛУЗИЈА

Во период од 19.08.2021 до 22.08.2021, 40 млади со типичен развој и попреченост заеднички учеа преку работа, учествуваа во авантуристички активности, градеа емпатија и практикуваа ново стекнати вештини.
Центар за младински активизам Крик четврта година по ред организираше летен младински инклузивен камп во Извиднички Центар Охрид, во соработка со Сојуз на извидници на Македонија. Кампот траеше 4 дена (3 ноќевања), и вклучуваше млади лица со и без попреченост. Програма на кампот се состои од:

- Активности за градење на група;
- Надворешни активности(пешачење, водени лудории, кајакарење, спортски активности, крстарење со брод, извиднички активности);
- Работилници каде се користат методите на неформално образование на различни општествени теми;
- Забавни активности (караоке, логорски оган, друштвени игри и друго)



11. ИНТЕРНАЦИОНАЛНИ НАСТАНИ

Меѓународен камп - Hallo / Salut / Zdravo

Во рамките на тринационалниот проект Hallo / Salut / Zdravo Europe беше организиран меѓународен камп во периодот од 7-ми до 15-ти август 2021 година. Кампот претставува прва фаза од проектот и беше одржан во извидничкиот центар на ДПСГ Вестернох, Германија. Имаше вкупно 42 извидници вклучени како учесници во проектот, на возраст од 14 до 18 години: 18 од Франција, 7 од Германија и 17 од Северна
Македонија. Дополнително, секоја земја имаше по двајца лидери одговорни за организацијата, програмата и логистиката потребна за кампот. Самиот проект има за цел да ги запознае учесниците со целите за одржлив развој и да ги поттикне да работат на локално и национално ниво, како и да ја доближат културата и традицијата на
нивните пријатели од другите земји. Проектот вклучуваше подготвителни активности пред кампот (одржани онлајн поради
пандемијата), тринационален камп во Германија и активности во локалната заедница по завршетокот на кампот.



Форум за ровери

Во период од 09.12.2021 - 12.12.2021 во Сутоморе, Црна Гора се одржа регионалниот Форум на ровери, овој пат во организација на Сојузот на извидници на Црна Гора. Настанот има за цел да овозможи вмрежување на младите од регионот, да создаде простор за размена на добри практики и знаења поврзани со програмата, активностите и работата на различните сојузи. Оваа година, тема на настанот беше „Комуникација, имиџ на организација и односи со јавност" а 18 млади луѓе од Македонија имаа можност да учествуваат на предавања од врвни експерти во оваа област. Од СИМ, присутние учесници беа од следните одреди: ИО Скаут, ИПО Јадран, ИПО Галеб, ИО Екваинокс, ИО Авантуристи, ИО Ластовица, ИО Гоце Делчев и ИО Мирко Милески.






Светски извиднички младински форум и Светска извидничка конференција

Во периодот од 18.08.2021 до 22.08.2021 беше реализиран Светскиот младински форум, како подготвителен настан за престојната светска конференција. На истиот се вклучија нашите делегати Елисавета Лукановска, Ана Плетварец и Драган Тануровски. Овој форум имаше за цел да ги запознае младите вклучени во работата на сојузите со светските политики и реформи. На овој онлајн настан учесниците имаа можност да разговараат и даваат предлози кои беа разгледани на конференцијата, со што се зголемува влијанието на младите во процесот на онесување одлуки на светско ниво.

Во период од 25.08.2021 до 29.08.2021 беше реализирана виртуелна извидничка конференција на која што учествуваа делегати и извидници од 170 земји. Нашите делегати, Владимир Костовски, Елисавета Лукановска, Јане Плавески и Виктор Гилев, вклучени од Младинскиот центар - Матично, заедно со повеќе од 3000 делегати носеа одлуки кои ќе ја оформуваат иднината на извидничкото движење низ целиот свет.
Дополнително, Владимир Костовски имаше можност да фасилитира сесија на тема Институционално финансирање, со учесници од сите континенти. Иако онлајн, СИМ активно да се вклучи во најголемиот одлучувачки извиднички настан во светот.







12. АКТИВНОСТИ ОД ОДРЕДИТЕ

И.О. „Браќа Миладиновци“ 41ва традиционална акција – Извидниците за својот град

На 13.11.2021, 250 извидници од целата држава активно учествуваа на традиционалната акција спроведена од извидниците од ИО Браќа Миладиновци. Сите учесници поминаа стаза со 4 контролни точки: Полигон, квизови, гаѓање со чатали, меморија, јазли, скриени пораки... На целта на акцијата, Игор Станојков, бониемскиот соларен амбасадор, ги чекаше најмладите учесници за да ги воведе во светот на соларната енергија, да им пренесе по некој практичен совет и да ги остави со еден куп прашања за натамошно истражување и љубопитност.



И.О. „Методи Митевски – Брицо“ Парк на извидниците во Кисела Вода

На 29.05.2021 по остварената соработка помеѓу И.О. „Методи Митевски – Брицо“ и Општина Кисела Вода, беше официјално отворен паркот на извидниците, во населбата 11 Октомври. Преку интерактивни активности за младите од Општина Кисела Вода, извидниците од Брицо ставија фокус на презентирање на важноста за зачувувањето на природата.





И.П.О. „Галеб“
Галебска ајваријада

На 25.09.2021 и 26.09.2021 извидниците од ИПО Галеб спроведоа акција за правење ајвар и продажба на теглите ајвар со цел собирање средства за новата одредска просторија. Истиот викенд беа подготвени 50 тегли ајвар, од кои 35 беа продадени на пријатели, извидници и поддржувачи на одредот.





И.О. „Гоце Делчев“
Акција за пошумување

На 06.11.2021 во атарот на с.Мездра беше спроведена акција на која беа засадени 5000 дрвца, во која учествуваа и извидниците од И.О. Гоце Делчев, со цел да придонесат за здрава и чиста животна средина. Акцијата беше иницирана од Синдикалната организација на Комерцијална банка.



И.О. „Димитар Влахов“

Извидниците на пролетна еколошка акција на здруженијата на граѓани и Општина Велес

Десет извидници од извидничкиот одред "Димитар Влахов" со други граѓански активисти од здруженија на граѓани на 28.03.2021 го чистеа просторот околу објектот во кој се сместени дел од граѓанските здруженија, што се наоѓа во населбата „Дворови". Во работната акција активистите собраа 22 вреќи од 250 литри со раѕличен вид на отпад и тоа не само од околината туку и од просториите на објектот. Пролетната еколошка акција за чистење беше организирана од ИО Димитар Влахов во соработка со Општина Велес по повод Денот на пролетта и екологијата, што наместо на 21 март, поради лошите временски услови, беше реализирана на 28.03.2021.



И.О. „Мирко Милески“

Крводарителска акција по повод денот на извидниците

По повод 22ри февруари или светскиот ден на извидниците, во склоп на акцијата "Направи добро дело" извидниците од ИО Мирко Милески организираа крводарителска акција во Кичево која благодарение на сите подржувачи и граѓани кои беа дел од оваа хумана акција, беше успешно реализирана.



Прв Скопски Извиднички Одред
Изградба на летна училница во извидничкиот дом Чичко Боро

Со поддршка од NLB Banka AD Skopje во месец мај извидниците од ПСИО направија летна училница во дворот на шумско Домче ПСИО – извиднички дом „Чичко Боро", Мала Река - Китка. Рачно изработениот знак ќе ја краси летната училница - место каде извидниците ќе можат на отворено и со доволно простор да имаат едукативни работилници на теми од програмата Scouts for SDGs (Извидниците за целите за одржлив развој) и тоа: соларна енергија, климатски акции, родова еднаквост, квалитетно образование и создавање нови партнерства.



И.П.О. „Јадран"
Поставување симетричен интернет линк Скопје – Катлановска Брезица

На ден 06.11.2021 беше воспоставен првиот симетричен интернет линк Скопје - Катлановска Брезица со брзина од 70 Mbit/s. Извиднички Поречанскиот Одред Јадран во најбрз рок по акцијата воспостави бесплатен бежичен интернет низ целото село почнувајќи од извидничкиот дом па се до манастирите во Катлановска Брезица и со тоа им овозможи на жителите подобра конекција со своите најблиски.
Извидниците од ИПО Јадран го осмислија и реализираа овој зафат со помош на компаниите GO NET Communications, Телесмарт Телеком преку донација и подршка од телекомуникациски Point to Point антени, имплементацијата и реализација на симетричен интернет линк и останати технички елементи.

И.П.О. „Крсте Јон“
Школа за енергетска ефикасност и соларна енергија

Во периодот од 13.06.2021 до 17.06.2021 извидниците од ИПО Крсте Јон организираа Школа за енергетска ефикасност и соларна енергија во Струга. Извидниците и истражувачите во текот на тие неколку дена во Извидничкиот центар „Скаут“ во Струга имаа можност да се едуцираат во полето на енергетска ефикасност, соларна енергија, алтернативни енергетски извори и нивна имплементација во секојдневниот живот. На овој настан активно учество земаа извидниците од ИО Феникс, ИО Мирко Милески, ИО Еквинокс, ИПО Сидро, ИО Методија Митевски – Брицо, ИО Браќа Миладиновци, ИЕО Пионер, ИО Гоце Делчев и ИО Авантуристи.



И.О. „Скаут“
Зачекори во светот на извидниците

На 25.09.2021 ИО „Скаут“ одржа отворен ден за регрутација на нови членови во нивниот одред. Настанот беше спроведен во околината на Споменик Костурница, а на истиот посетителите и новите членови имаа можност да ги запознаат извидниците и да научат нешто повеќе за извидничките активности и авантури. Секако настанот не помина без посетителите да се пробаат во стреличарство, правење бивак, ориентација и сл.

И.О. „Феникс“
Традиционален Одредски Камп 2021

Месечна одредска активност за извидниците од ИО Феникс во месец октомври беше нивниот традиционален одредски камп, кој секоја година е организиран во с. Присад кај манастирот св. Ѓорѓија.
Во периодот од 22.10.2021 до 24.10.2021 извидниците на кампот спроведоа куп забавни и едукативни активности како: шифрарник, грабни-стапче, мини-хајк до планинарскиот дом Дервен, решавање тестови за извидништво и општа култура, црвено-зелено светло, асоцијации, Уно, Монопол, Џенга, културно забавна програма и сл.




И.О. „Ластовица“
Соработка со ДЗС

На 22.02.2021 од страна на извидниците од ИО Ластовица беше спроведена прослава за денот на извидниците во редуциран формат заради рестрикциите од пандемијата. На прославата беше промовирана соработката вклучена со Дирекција за Заштита и Спасување, преку презентирање на трајно доделената опрема од ДЗС, која вбројува сетови со прва помош, рачен прибор, носилка, ориентациони средства и сл.

И.О. „Еквинокс“

Програмска Школа за Водачи

Во периодот од 30.9.2021 до 4.10.2021 година со поддршка од Општина Штип беше реализирана првата Програмска Школа за Водачи (П'ШЗВ) - „КОМПАС“ на која учествуваа 20 млади извидници од ИО Еквинокс кои ги усовршуваа дисциплините ориентација во простор и природа и топографија. Школата беше реализирана во дворните површини на шумско домче во с. Почивало на планината Плачковица.



И.О. „Авантуристи"

Во периодот 29-30.05.2021, заедно со Извиднички одред Браќа Миладиновци ИО Авантуристи го посетија Едукативниот центар Негрево.
При посета на Едукативен центар за зачувување на природата - Негрево, имаа можност да ја поминат "Патеката на Петко и шумските жители - Пехчевска авантура" која го поврзува Едукативниот центар со локалитетот Јудови ливади, каде што се наоѓа ендемичен вид растение - муволовка.
Два одреда сплотени во едно и 50тина деца, млади и волонтери поминаа прекрасен и незаборавен викенд.



13. АКТИВНОСТИ НА РАБОТНИ ТЕЛА

Тим Билдинг Викенд

Викендот од 18 до 20 јуни 2021, се одржа супер интересен тим-билдинг/работен викенд за Биро, Старешинство и Канцеларија на СИМ во Извиднички Центар Градовци. Покрај рафтингот на Вардар, наша цел за викендот беше да создадеме краткорочен план за следниот период кој ќе се фокусира на зголемување на членството, одржливост на организацијата, задржување на волонтери, кохезија итн.

Комесаријат за програма

Комесаријатот за програма во 2021 година броеше 12 членови, од кои 5 кои ја почнаа својата работа во јануари 2021 и уште 7 кои се вклучија во работата во месец септември 2021. Овие 7 волонтери се водачите кои успешно ја завршија Школата за Водачи во јули 2021, а нивниот ангажман во комесаријатот претставува продолжување на нивната едукација во извидништвото и доформување на нивните лидерски способности. Членовите на комесаријатот се од следниве одреди: ИО Гоце Делчев, ИО Феникс, ИО Еквинокс, ИО Авантуристи, ИО Молика, ИПО Сидро и ИО Методија Митевски – брицо. Дел од успешните приказни на комесаријатот се месечните изданија Шаторче, патеката Баден – Пауел по повод денот на извидниците, како и серијата на онлајн тренинзи насловена University of Scouting.

Комесаријат за меѓународна соработка

Во работата на Комесаријатот за меѓународна соработка во 2021 година се вклучија 7 волонтери (покрај комесарот) од одредите: ИПО Галеб, ИО Феникс, ИПО Јадран, ИО Методија Митевски – брицо и ПСИО. Волонтерите се вклучија во организирање на контингент од СИМ и/или учество на следните настани: Тринационален проект со извидниците од Франција и Германија ("Hello/Zdravo/Salut Europe"), Форум за ровери во Црна Гора, JOTA JOTI (онлајн), 42ра Светска извидничка конференција 2021 и 14ти Светски младински форум (онлајн), Регионални онлајн настани (European Scouting Region "Stronger Together" online Campfires - онлајн настани на теми Ментално здравје, Safe from Harm, Раст во организацијата, Застапување, Имиџ и комуникација...), состаноци на фокус групи за Регионалниот Извиднички План и состаноци со тимовите за меѓународна соработка од земјите на Балканот.

Комесаријат за медиуми и комуникација

Работата на волонтерите на Комесаријатот за медиуми и комуникација, кој брои 6 члена, особено беше важна во периодот на онлајн програма и онлајн активности на СИМ. Освен постојаната работа на социјалните мрежи, креирањето на онлајн содржини и медиумска поддршка во сите аспекти на работата, овој тим се вклучи и во изработка на публикациите на СИМ меѓу кои и Шаторче, извидничкото списание.

Комесаријат за тренинг

Комесаријатот за тренинг во 2021 година испланира и изреализира Школа за водачи и Инструкторска Woodbadge школа. Со тоа се постигнуваат целите за градење на капацитетите на локалните одреди, особено на раководните тела на одредите и лидерите (водачите) кои работат на локално ниво.
Освен тоа овој Комесаријат ја обнови тренинг рамката на СИМ и ги ревидираше рамките за секое ниво на тренинг во организацијата.

SCOUTS®

Создаваме подобар свет